БИТОЛА * ДЕМИР ХИСАР * РЕСЕН

МОБИЛНОСТ БИТОЛА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА
СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

# ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК

КУД ФЕНИКС

## *ЗАЕДНО СО МУЗИКА ДО РАТИФИКАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ*

## дојдете, придружете ни се, лобирајте

**Плоштад Магнолија 25.06.2011 10:30 ч.**



***Екатерина Јосифовска*** (Михељкис), родена во Иличјовск, Украина. Своето нижо, средно и високо образование го заврши во Одеса, Украина, по хорско диригирање.

2003 г. ги заврши постдипломските студии во Благоевград (Бугарија), каде го стекна звањето магистер по теорија и методика на музичко образование и воспитание.

2010 г. ги заврши докторските студии на Педагошкиот факултет во Битола (Р.Македонија).

Моментално работи како наставник по музичко образование и воспитание во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола.

Член е на управниот одбор во Македонско-Еврејско Здружение-Битола и на управниот одбор на МНД-Битола.



***М-р Сашо Кочанковски***, роден во Битола, Р.Македонија. Магистер на психолошки науки, дипломиран психолог и Гешталт терапевт.

Сениор тренер за образование за човекови права и детски права на Совет на Европа.

Член на МНД Битола од 2002 г. Член на надзорен одбор во претходниот мандат. Во 2008 г. избран за секретар ма одделението за општествени науки и право и член на управниот одбор.

Предавач на Високата Медицинска школа во Битола - Педагошка психологија од 2004.

Асистент по општа, развојна педагошка психологија на Педагошки факултет - Битола (2000-2007) Психолог -психотерапевт и раководител на оддел при оделението за ментално здрвје на деца и млади - Клиничка болница Битола од 1982.

Претседстел на центарот за човекови права АМОС Битола. Автор на бројни стручни н научни трудови.

***Томче Најдовски***, роден во Битола, Р. Македонија. Дипломиран правник.

Од мал после заболувањето од детска парализа со наставник изучува да музицира на хармоника.

Како успешен музичар ангажиран е во КУД Илинден каде што учествува во активностите неколку години.

Основач на КУД Феникс и учесник на сите досегашни манифестации, особено на музичко-литературните средби кои ги организира МОБИЛНОСТ Македонија.





***Проф. Д-р Мери Кавкалеска-Стоилкова*** е родена 1951 г. во Битола. Основно и средно музичко училиште заврши во Битола.

Музичка академија заврши во Загреб во класата на познатиот пијанист Владимир Крпан, а постдипломски студии во класата на истиот професор на ФМУ во Скопје. Добитник е на бројни награди и признание во земјава и надвор. Како солист настапува на бројни манифестации во сите републики и покраини на поранешна Југославија.

Има издадено 10 компакт дискови и 2 ДВД. Работела како професор на Академијата за уметности во приштина, каде го формира Инструменталниот оддел за пијано. Соработувала како пијано придружник со многу инструменталисти и соло пејачи. Во моментов е редовен професор на Педагошкиот факултет во Битола.

На оваа манифестација ќе настапи со следниве композиции:

1. Моцарт во C-dur K-545 1 став Facile;
2. соната Rondo ala turka од Моцарт во A-dur K-331;
3. Шопен Nokturno b-moll opus 9 nomer 2;
4. валцер од Шопен e-moll opus posthumno.